**ИМЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД**
**CANNABO EXCLUSIVE night**
**крем**

**СОСТАВ**
50 ml CANNABO EXCLUSIVE night крем содржи природен екстракт од канабис кој обезбедува 50 mg CBD (Cannabidiol екстрахиран од растението коноп).

**ШТО ПРЕТСТАВУВА CANNABO EXCLUSIVE night И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА**
Кожата на лицето е директно изложена на штетното влијание на надворешната средина. Изложеноста на УВ зраци, загаден воздух и други стресни фактори во текот на денот, доведува до создавање на слободни радикали кои го забрзуваат процесот на стареење на кожата и доведуваат до појава на брчки, намален тонус на кожата и променета текстура.
CANNABO EXCLUSIVE night е иновативна формулација која во совршени пропорции го комбинира канабидиолот (CBD) со 24-каратно злато, со колаген, хијалуронска киселина, ретинол (витамин А), витамин Е и шеа путер.
CANNABO EXCLUSIVE night не содржи THC (9-delta tetrahydrocannabinol) односно содржи во количина под 0,2%.
CANNABO EXCLUSIVE night иновативната формулација со својот богат состав на хранливи материи е наменета за интензивен третман и ефикасна регенерација и подмладување на кожата.
Канабидиолот (CBD) во CANNABO EXCLUSIVE night е природен екстракт добиен со суперкритична $CO_2$ екстракција од растението коноп (канабис). CBD се врзува за соодветните рецептори на ендоканабиноидниот систем во површинскиот слој на кожата (епидермис), при што се постигнува противвоспалителен и смирувачки ефект.
CBD има антиоксидативни својства, ги неутрализира слободните радикали и на тој начин ја зголемува отпорноста на кожата, го намалува губењето на влажноста и предвременото стареење на кожата.
24-каратното злато во состав на иновативната формулација ја подобрува циркулацијата на кожата, го поттикнува клеточниот метаболизам, ја стимулира клеточната регенерација, помага во создавањето на колаген и еластин, во осветлувањето и навлажнувањето на кожата, со што кожата се ревитализира, хидрира и се стекнува со мазна и сјајна текстура. Покрај тоа, 24-каратното злато може да има противвоспалително и смирувачко дејство.
Колагенот делува против знаците на стареење со измазнување на брчките и фините линии, редефинирање на контурите и обезбедување повоедначен тен на кожата. Хијалуронската киселина ја задржува влажноста на кожата, видливо ги пополнува брчките и спречува формирање на нови и кожата на допир е цврста и мазна и изгледа свежа и блескава. Витаминот А ја намалува појавата на брчки и го подобрува целокупниот изглед на кожата и е најактивен во текот на ноќта. Витаминот Е ги штити епидермалните липиди, како и колагенските и еластинските влакна на кожата од штетното влијание на околината и ја измазнува и омекнува кожата. Шеа путерот ја смирува, измазнува и омекнува кожата.
CANNABO EXCLUSIVE night иновативната формулација со антиоксидативното и противвоспалителното дејство на CBD и 24-каратното злато, ја штити и детоксицира кожата на лицето, ја задржува нејзината влажност, ги измазнува брчките и ги зацврстува контурите на лицето. Дополнително, колагенот, хијалуронската киселина, витаминот А, витаминот Е и шеа путерот го засилуваат ефектот на кремот, со поттикнување на регенерација на епидермисот, интензивно хидрирање на кожата и обновување на кожата за време на спиењето, правејќи ја видливо измазнета, посјајна и со возобновен изглед.

**ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА**
CANNABO EXCLUSIVE night ја штити кожата од негативните ефекти на атмосферските влијанија, овозможува интензивна детоксикација и подобро хидрирање на кожата во текот на

ноќта, со што го обновува изгледот на кожата и кожата на лицето изгледа посветла, видливо измазнета, посјајна и со возобновен изглед.
Со редовна примена на CANNABO EXCLUSIVE night кожата станува сјајна и блескава.
Пред употреба кожата треба да се исчисти.
Нанесете мала количина од кремот на кожата на лицето со масирање. Користете го кремот навечер за да се постигне интензивно делување во текот на ноќта.
При употреба треба да се избегнува контакт со очи.
CANNABO EXCLUSIVE night е наменет само за надворешна употреба.

**ПОДАТОЦИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ЗНААТ ПРЕД УПОТРЕБА**
CANNABO EXCLUSIVE night кремот не треба да се употребува при пречувствителност на која било состојка на кремот.

**ПАКУВАЊЕ**
Кутија со стаклена тегла со капаче со 50 ml крем и Упатство за пациентот.